Објавен во Службен весник број: 130/2014
Датум на објавување: 03.09.2014

# Закон за изменување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

## Член 1

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13 и 41/14) во членот 1 ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (2), (3) и (4).

Во ставот (6) кој станува став (5) зборовите: „,како и по жалби против решенија донесени во прв степен во постапка на инспекциски надзор“ се бришат.

## Член 2

Членот 8-а се брише.

## Член 3

Во членот 10 став (2) бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

## Член 4

Постапките по жалби против решенија на инспекторите пред Државната комисија започнати до денот на отпочнување на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисијата согласно прописите по кои биле започнати.

## Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување со примена на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.